Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
## од Педесет и четвртата седница на Владата на Република Македонија, одржана на 26 февруари 2025 година

Скопје, февруари 2025 година

**З А П И С Н И К**
**од Педесет и четвртата седница на Владата на Република Македонија,**
**одржана на 26 февруари 2025 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео-конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 16 часот.

Со седницата претседаваше Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем.

На седницата учествуваше м-р Изет Меџити, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за животна средина и просторно планирање, и членовите на Владата м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана, Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, м-р Орхан Муртезани, министер за европски прашања, м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии, Бесар Дурмиши, министер за економија и труд, Цветан Трипуновски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука, м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација, Горан Минчев, министер за јавна администрација, д-р Шабан Салиу, министер без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Игор Јанушев.

На седницата учествуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Северна Македонија, на седницата учествуваше и м-р Јовица Андовски, заменик на министерот за здравство.

На седницата учествуваше и м-р Марија Митева, портпарол на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата не учествуваше проф. д-р Христијан Мицкоски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, Иван Стоилковиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за односи меѓу заедниците, Арбен Фетаи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење и членовите на Владата Игор Филков, министер за правда, м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини, д-р Арбен Таравари, министер за здравство, Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади, м-р Златко Перински, министер за локална самоуправа, Зоран Љутков, министер за култура и туризам и Борко Ристовски, министер за спорт.

*

*    *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

ДНЕВЕН РЕД

1. Информација за Вонредното собрание на акционерите на Европа Ре, што ќе се одржи виртуелно на 5 март 2025 година, со прилози

2. Информација за потпишување на Заедничката политичка декларација за основање Совет за соработка на високо ниво меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Турција, со усогласен текст на Декларација

3. Прашања и предлози

*

*          *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата ја разгледа Информацијата за Вонредното собрание на акционерите на Европа Ре, што ќе се одржи виртуелно на 5 март 2025 година, со прилози и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го овласти м-р Зоран Ставрески, да ја претставува Владата на Република Северна Македонија на Вонредното  собрание на акционерите на Европа Ре, што ќе се одржи виртуелно на 5 март 2025 година, да одлучува и да гласа на следниот начин:

- Пристапување кон обединет, ревидиран договор на акционери – ЗА и

- Овластување на раководството на компанијата да бара надворешни инвеститори, да се вклучат во преговори и во процесите на длабинска анализа, како и да ја претставуваат компанијата во таквите активности – ЗА.

2. Издаденото полномошно за овластениот претставник да биде заверено на нотар.

3. Се задолжува Министерството за финансии да ја извести Европа Ре за издаденото полномошно на претставникот на своите акции.

## Точка 2

Владата ја разгледа Информацијата за потпишување на Заедничката политичка декларација за основање Совет за соработка на високо ниво меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Турција, со усогласен текст на Декларација, ја усвои Информацијата и го прифати усогласениот текст на Заедничката политичка декларација за основање Совет за соработка на високо ниво меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Турција.

## Точка 3

**1.** Владата ја разгледа Информацијата за реализирани активности за учество на Република Северна Македонија на ЕКСПО 2025, Осака, Кансаи, Јапонија, со предлог за состав на официјалната делегација која ќе присуствува на Националниот ден 1 мај 2025 година и Предлог-уредба и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1) Се задолжуваат членовите на официјалната делегација за Националниот ден 1 мај 2025 година, трошоците за службеното патување да ги обезбедат секој во рамките на својата институција и тоа: министерот за надворешни работи и надворешна трговија во рамки на буџетот на Министерството за надворешни работи и надворешна трговија; министерот за култура и туризам во рамки на буџетот на Министерството за култура и туризам; Генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија и Националниот координатор за туризам во рамки на буџетот на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија.

2) Се укажува на Јавното радиодифузно претпријатие Македонска радиотелевизија Скопје, во рок од три дена, до Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да достави номинации за еден новинар и еден камерман коишто ќе одат во Јапонија како придружни членови на официјалната делегација, со обезбедени два повратни авионски билети и хотелско сместување за седум ноќи.

3) Ја донесе Уредбата за дополнување на Уредбата за издатоците за службени патувања и селидби во странство што на органите на државната управа им се признаваат во тековни трошоци, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**2.** По повод укажувањето на Игор Јанушев, генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија, Владата заклучи да се измени заклучокот, од 53-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 25 февруари 2025 година, донесен, по Информацијата за организациони подготовки за присуство на меѓувладина седница помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Унгарија, на 3 и 4 март 2025 година во Будимпешта, Република Унгарија и во точката 1 од истиот наместо „57 лица“ да стои „60 лица“.

*

*          *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 16:30 часот.

**Генерален секретар на Владата**
**на Република Северна Македонија**

**Игор Јанушев**

**Заменик на претседателот на Владата**
**на Република Северна Македонија**

**Љупчо Димовски**

Подготвил: Христијан Николов, помлад соработник
Проверил: Катерина Јаневска/Никола Пасков, рак. на одделение
Контролирал: м-р Стојанчо Радичевски/Jetmira Maliqi, пом. рак. на сектор
Согласен: Снежана М.Пендовски, државен советник
Зоран Брњарчевски, раководител на сектор